Агенција за вработување на
Република Македонија

Врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2012 година, предвидени во Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2011-2015, Агенцијата за вработување на Република Македонија на **17.01.2012** година, објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС

до

невработените лица

1. Се повикуваат сите евидентирани невработени лица кои се:

    - Евидентирани невработени лица над 6 месеци;
    - поранешни вработени лица во дејноста на енергетиката на кои работниот однос им престанал поради деловни причини;
    - професионални војници на кои им престанала службата во АРМ;
    - млади лица до 27 годишна возраст;
    - корисници на паричен надоместок по основ на невработеност,

    и кои своето вработување сакаат да го решат со финасиска поддршка преку ***Програма за самовработување***, да се пријават во работните клубови на центрите за вработување на АВРМ каде редовно се евидентираат како невработени лица.

2. Финансиската поддршка опфаќа исплата на неповратни средства за набавка на опрема и/или репроматеријали во висина од 185.000 денари и помош во трошоците за регистрација на фирма.

3. Лицата од точка 1 на овој Јавен оглас кои се основачи на фирмата и финасиски ќе бидат поддржани, најмалку 4 години не можат да се евидентираат како невработени лица во АВРМ. Доколку престанат со вршење на дејноста (а со тоа престане и работниот однос) пред истекот на 1 година од датумот на регистрирање на бизнисот, или пак само престане работниот однос, а на негово место веднаш не се вработи друго лице, има обврска да врати 80% од финансиските средства искористени за набавка на опрема и/или репроматеријали во паричен износ, во период од 12 месеци.

4. Заинтерисираните невработени лица од точка 1 на овој Јавен оглас, пријави можат да поднесат најдоцна до **31.01.2012** година во работните клубови на 30-те центри за вработување во РМ.

5. Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на договор на невработените лица со АВРМ и УНДП.

Детални информации можат да се добијат во работните клубови на 30-те Центри за вработување на Агенцијата за вработување на Република Македонија, контак центарот 02-3298-297 и веб страната www.avrm.gov.mk.

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА